ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP
бр. 02-1090/10-1
24.08.2022 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Службен весник на Република Македонија број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и 198/18; и Службен весник на Република Северна Македонија 143/19 и 14/20 В.Д. Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 01. Одделение за управување со човечки ресурси, работното место со реден број 9. Помлад соработник за управување со човечки ресурси во делот вид на образование зборовите "Наука за книжевноста, географија* или правни науки" се заменуваат со зборовите "Наука за книжевноста, политички науки, правни науки"; работното место со реден број 6. Советник за управување со човечки ресурси во делот вид на образование зборовите "политички науки, правни науки или организациони науки и управување (менаџмент)" се заменуваат со зборовите "политички науки, правни науки, организациони науки и управување – менаџмент, наука за книжевноста или географија*" а во делот број на извршители зборовите „1" се заменуваат со зборовите „2".

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 5. Сектор за финансиско работење потточка 5.1. Одделение за финансии работното место со реден број 250. Виш референт финансов книговодител во делот број на извршители зборовите „2" се заменуваат со зборовите „1"

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
В.Д Директор

Александар Стојковски